

# СТАТУТ
# ГД ГРАНИТ АД СКОПЈЕ

Издание 2026

granit@granit.com.mk

ГРАНИТ

# СТАТУТ

ГД ГРАНИТ АД СКОПЈЕ

ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ МАЈ 2026

Градежно друштво
ГРАНИТ АД
Бр. 12-3417
1 9 -05- 2026 год.

Врз основа на чл. 418 ст.3 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 290/20, 215/21, 99/22 и 272/24) и Одлуката за измена и дополнување на Статутот на ГД „Гранит" АД - Скопје, бр. 12-3388 од 18.05.2026 година, Надзорниот одбор на ГД „Гранит" АД-Скопје, изготви пречистен текст на

# С Т А Т У Т
## на Градежното Друштво Гранит АД Скопје

### 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со донесувањето на Одлуката за измени на Статутот на Градежното претпријатие Гранит АД Скопје, запишано во Основниот суд во Скопје (Рег.бр. 6325/96 од 05.06.1996) и во Трговскиот регистар при Централниот Регистар на Република Македонија под ЕМБС 4064534, ги усогласува одредбите на својот Статут со одредбите на Законот за трговските друштва и со тоа продолжува да работи на начин и под услови под кои е запишано во трговскиот регистар.

Член 2

Градежното друштво Гранит АД Скопје е единствен правен следбеник на Градежното претпријатие Гранит Акционерско Друштво - Скопје.

Член 3

Друштвото е правно лице со права, обврски и одговорности утврдени со закон и овој Статут на Друштвото.

Член 4

Друштвото се основа како Друштво на неопределено време.

Друштвото може да престане со работа под услови и начин утврдени со закон и овој статут.

### 2. ФИРМА И СЕДИШТЕ НА ДРУШТВОТО

Член 5

Друштвото работи под фирма: Градежно друштво Гранит АД Скопје (во натамошниот текст: Друштво).

Скратеното име на фирмата гласи: Гранит АД Скопје.

Во правниот промет со странство фирмата гласи: Construction Company Granit – Skopje - Makedonija.

Член 6

Друштвото има заштитен знак (амблем).

Заштитниот знак на Друштвото има форма на двоен концентричен круг кој во средината се наоѓа модерен автопат преку кој поминува мост, а на левата страна е исцртан кран со кој симболично се изразува основната дејност на Друштвото.

Употребата на знакот (амблемот) ја определува Управниот Одбор на Друштвото со посебна одлука.

Член 7

Друштвото има печат и штембил.

Големината на печатот и штембилот, нивната содржина, бројот и начинот на ракувањето, евиденцијата и нивното уништување се уредуваат со посебен Правилник што ќе го донесе Управниот Одбор на Друштвото.

Член 8

Седиштето на Друштвото е во Скопје на улица Димитрија Чуповски број 8.

Член 9

Фирмата, седиштето и знакот на Друштвото можат да се променат само со Одлука на Собранието на Друштвото.

Одлуката од претходниот став се носи врз основа на предлог на Управниот Одбор на Друштвото. Со Одлуката за промена истовремено се одлучува и за нова фирма, седиште, односно знакот на Друштвото.

## 3. ДЕЈНОСТ НА ДРУШТВОТО

Член 10

Друштвото ги врши сите дејности утврдени со Националната класификација на дејности, освен оние за кои е потребна согласност, дозвола или друг акт на државен орган или на друг надлежен орган.

Друштвото врши и дејности од надворешно трговскиот промет и тоа:

- изведување инвестициони работи во странство;
- изработка на експертизи и студии, инвестициони програми, просторни и урбанистички планови и проекти, идејни, главни и детални проекти и инвестиционо-техничка документација, лицитациони елаборати (тендерски документации) и друга инвестициона документација за објекти и работи;
- изведување геодетски, рударски, хидротехнички и други слични геолошки истражни работи, мелиорациони работи и работи за облагородување на земјиште, преуредување на земјиште кон култура и комунално уредување на земјиште;
- изведување градежни, градежно-занаетчиски работи на внатрешно уредување и декорација;
- изведување инсталациони, монтажни и демонтажни работи на одржување и ремонт на индустриски и други постројки;
- пуштање во погон на постројки и опрема на изградени објекти, раководење со работи, техничко управување со погон или со производство и одржување на изградени постројки, објекти и погони;
- изградба на комплетни објекти и испорака на опрема, делови и материјали на технолошки линии и други компоненти;

- организација на изградба на комплетни објекти (инженеринг), изведувачки инженеринг и соодветен (консалтинг) инженеринг;
- стручно-технички надзор над изведувањето на инвестиционите работи во странство над изградбата на инвестициони објекти;
- давање стручна помош, односно консултантски услуги во текот на изградбата и во работите на изградените објекти;
- одржување и ремонт на изградени објекти и испитување на опрема;
- обука на работници, пренос на знаење и искуства и организирање на производство во изградени објекти;
- други работи на изведување инвестициони работи во странство;
- надворешна трговија со прехранбени производи;
- надворешна трговија со непрехранбени производи;
- меѓународен превоз на стока;
- меѓународна шпедиција;
- меѓународен превоз на стока и патници;
- хотелско угостителски услуги на странски лица; и
- јавни царински складишта;

ПРЕТЕЖНА ДЕЈНОСТ

45.21/2 Изградба на објекти на нискоградба.

Член 11

За промена на дејноста на Друштвото одлучува Собранието, на предлог на Управниот Одбор на Друштвото.

4. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДРУШТВОТО

Член 12

Внатрешната организација на Друштвото се утврдува со Правилник за организација, што го донесува Управниот Одбор на Друштвото, на предлог на Претседателот на Управниот Одбор.

Член 13

Друштвото се организира врз основа на секторски принцип на организација како постојани организациони делови на Друштвото.

Покрај основниот облик на организирање од претходниот став, во Друштвото се организираат и функционални и територијални организациони делови, во зависност од обемот и карактерот на договорените и преземените работи (постојани или повремени работилишта, производствени погони, претставништва во странство и сл.).

Работите на организационите делови од претходниот став ги координираат секторите од став 1 на овој член, во рамките на ставовите утврдени од страна на Претседателот на Управниот Одбор.

Член 14

Кога Друштвото врши било која дејност и работа од предметот на работење, надвор од седиштето на Друштвото, може истата да ја врши и преку една или повеќе подружници.

Одлука за организирање на подружница донесува Управниот Одбор, во согласност со овој Статут.

Подружницата нема својство на правно лице.

Од работењето на подружницата, права и обврска стекнува Друштвото.

Подружницата работи под фирмата на Друштвото при што задолжително се наведува нејзиното седиште и зборот ,,Подружница". Кон фирмата на Друштвото да го додаде и називот на подружницата.

Подружницата престанува ако Управниот Одбор, донесе одлука за престанување на Подружницата.

Член 15

Водењето на работите во организационите делови на Друштвото го врши Управниот Одбор.

Управниот Одбор заради извршување на овластувањата од претходниот став може да назначи раководни лица- директори.

Назначувањето се врши на неопределено време.

Член 16

Правата, обврските и платата на раководните лица се утврдуваат со договор.

Договорот од став 1 на овој член го склучува раководното лице со Претседателот на Управниот Одбор, во името на Управниот Одбор.

Раководниот работник може да учествува во остварената добивка на Друштвото.

За начинот и висината на наградата одлучува Собранието на Друштвото, на предлог на Управниот Одбор.

## 5. ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ДРУШТВОТО

Член 17

Друштвото го застапува и претставува Претседателот на Управниот Одбор.

Покрај Претседателот на Управниот Одбор, Друштвото може да го застапуваат и другите членови на Управниот Одбор, врз основа на овластување од Управниот Одбор, одобрено од Надзорниот Одбор на Друштвото, кои ќе носат назив Генерален директор.

За склучување договори за купување и продавање, што се однесуваат на располагање со основните средства или долгорочните пласмани, чија вредност е поголема од 10% од основната главнина на Друштвото, потребна е согласност на Управниот Одбор.

Член 18

Во отсуство на Претседателот на Управниот Одбор, Друштвото со сите права и обврски го застапува Член на Управен Одбор, овластен од Надзорниот Одбор.

Член 19

Претседателот на Управниот Одбор, односно Генералниот директор на Друштвото, можат во рамките на своите овластувања да му дадат на друго лице писмено полномошно за застапување на Друштвото.

Полномошното може да биде дадено за склучување определени видови договори и за превземање на определени правни дејствија, односно за склучување определени поединечни договори и за превземени поединечни определени правни дејствија.

Правото за склучување договори, во смисла на став 2 од овој член, опфаќа и право на вршење други правни работи и дејствија во врска со склучувањето и извршувањето на договорите.

Полномошникот е должен кон својот потпис да назначи дека е полномошник.

## 6. ОСНОВНА ГЛАВНИНА, АКЦИИ И ПРАВНИ ОДНОСИ МЕЃУ ДРУШТВОТО И АКЦИОНЕРИТЕ

Член 20

Основната главнина на Друштвото изнесува 15.356.885 ЕВРА, според средниот курс на Народната Банка на Р.Македонија на 05.05.2003 година (1 ЕВРО/61.2844 денари).

Член 21

Основната главнина на Друштвото е поделена на 3.071.377 акции.

Акциите гласат во ЕВРА, но во Р.Македонија на пазарот се купуваат и продаваат во денари.

Номиналната вредност на една акција изнесува 5 ЕВРА.

Член 22

Акциите од член 21, според редоследот и одлуката за издавање, се основачки акции.

Член 23

Обичните акции се акции кои им даваат на нивните сопственици:

1) право на глас во Собранието на Друштвото;
2) право на исплата на дел од добивката (дивидендата); и
3) право на исплата на дел од остатокот од ликвидационата, односно стечајната маса на Друштвото.

Сите издадени обични акции се со право на 1 (еден) глас.

Член 24

Приоритетните акции (повластени, без право на глас) во однос на обичните акции имаат првенствено право на наплата на законска дивиденда како и исплата на разлика од дивидендата која им припаѓа на сопствениците на обичните акции, доколку таа е поголема од законската дивиденда.

Приоритетните акции имаат право на првенствена наплата во постапка на стечај на издавачот на акциите.

Член 25

Имателот на акцијата има право на исплата на дел од остварената добивка (дивиденда) и право на исплати на дел од остатокот на ликвидациската, односно стечајната маса на Друштвото.

Акциите носат денарска дивиденда.

Член 26

Акцијата гласи на име и во неа точно се назначува името на лицето или фирмата сопственик.

Преносот на акциите е слободен и се врши согласно законските прописи.

Член 27

Акциите коишто ги издава Друштвото, се пренесуваат и се водат во форма на електронски запис во Централниот депозитар за хартии од вредност на Р.Македонија, во согласност со закон и подзаконски акти.

Во однос на Друштвото, акционер е оној кој е запишан во Книгата на акции на Друштвото.

Член 28

Друштвото мора во сите јавни изјави, во извештаите, во објавите, во насловите на писмата и слично каде што се споменува основната главнина, да го означи износот на основната главнина.

## 7. ЗГОЛЕМУВАЊЕ И НАМАЛУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА НА ДРУШТВОТО

Член 29

На предлог на Управниот Одбор, Друштвото може да стекнува сопствени акции со откуп под следните услови:

-Собранието да донесе одлука за стекнување сопствени акции со откуп, во којашто се утврдени начинот на откупот, максималниот број на акции којшто треба да се стекне, времето во коешто откупот треба да се изврши и коешто не може да биде подолго од 12 месеци од денот на донесувањето на одлуката за стекнување сопствени акции, минималната и максималната противвредност којашто може да се плати за нив;

-номиналниот износ на стекнатите акции, заедно со акциите што Друштвото ги стекнало претходно, односно коишто Друштвото ги држи, да не надмине една десеттина од основната главнина;

-со стекнувањето на сопствените акции, да не се намали имотот на Друштвото под износот на основната главнина и резервите коишто, според законот или според Статутот, мора да ги има и коишто не смеат да се користат за исплата на акционерите; и

-со откупот да се стекнуваат само акции коишто во целост се уплатени;

По исклучок, Друштвото може да стекнува сопствени акции спротивно на условите определени во ставот (1) алинеа 1 од овој член, кога стекнувањето сопствени акции е неопходно за да се спречи сериозна и непосредна штета што би ја претрпело Друштвото. Одлуката ја донесува Управниот Одбор, по претходна согласност на Надзорниот Одбор. Во овој случај,

Управниот Одбор е должен на првото наредно Собрание да го извести Собранието за причините и целта на извршеното стекнување сопствени акции, за бројот и номиналниот износ на стекнатите акции, за делот од основната главнина којшто го претставуваат стекнатите акции, цената по која се стекнати, како и за изворот на средствата коишто се користени за нивното стекнување.

Член 30

Друштвото може да стекнува сопствени акции пропорционално од сите акционери.

Друштвото врз основа на одлуката за стекнување сопствени акции упатува јавен повик во којшто е содржана понуда за стекнување акции до сите акционери. Во повикот се наведува бројот на акциите што Друштвото има намера да ги стекне, при што се наведува родот и класата на акциите, сразмерниот број на акции што секој акционер може да ги понуди за продажба во однос на бројот на акции што ги поседува, куповната цена или начинот на пресметување на куповната цена, постапката за плаќање и датумот на плаќање, како и постапката и крајниот рок во којшто сите акционери може да ги понудат своите акции за продажба на Друштвото. Објавувањето на јавниот повик трае најмалку 30 дена од денот на објавувањето.

Ако вкупниот број на понудени акции од акционерите за продажба на Друштвото го надминува бројот на акциите што Друштвото може да ги стекне, во согласност со овој закон, Друштвото ќе купи акции од секој акционер сразмерно на бројот на акциите што секој акционер ги понудил за продажба во однос на бројот на акции што ги поседува, освен во случај кога е потребно да се избегне купување на делови од акција.

Член 31

На предлог на Управниот Одбор,  Собранието може да донесе одлука Друштвото да издаде и акции во кои е содржано правото на Друштвото во определен рок да ги откупува така издадените акции. Откупот се врши под следниве услови:

-Собранието да донесе одлука за откуп на таквите акции пред да бидат запишани;

-акциите да бидат платени целосно;

-откупот да се врши само со средства коишто ја надминуваат основната главнина и резервите, што според закон и овој статут не смеат да се распределуваат на акционерите; и

-износот којшто не е помал од номиналниот износ на издадените акции мора да се стави во резервите, коишто според закон и овој статут не можат да се распределуваат, освен во случај на намалување на основната главнина;

Одредбата од ставот (1) алинеа 3 на овој член нема да се применува на откупите при коишто се употребуваат средства за издавање нови акции со коишто се откупуваат постојните акции, а во кои е содржано правото на откуп од страна на Друштвото.

Ако постои  одредба од плаќање премија на акционерите при откупот, премијата може да се исплатува само од резервите коишто можат да им се распределуваат на акционерите.

Друштвото мора да ги откупи издадените акции од став 1 на овој член во рок којшто не е подолг од една година од денот на нивното издавање.

Известување за откуп на акциите од ставот (1) на овој член се објавува во ,,Службен весник на Република Македонија".

Член 32

Зголемување и намалување на основната главнина на Друштвото ќе се врши со измена и дополнување на статутот на Друштвото.

Измените и дополнувањето на статутот во поглед на зголемување и намалување на основната главнина ќе важат од денот на запишување во Трговскиот регистар.

Член 33

Зголемување на основна главнина на Друштвото може да се врши:

-со влогови;

-со условно зголемување на основната главнина;

-со одобрен капитал; и

-од средствата на Друштвото;

Зголемувањето на основната главнина се врши со одлука на Собранието на Друштвото за зголемување на основната главнина, во постапка и на начин утврдени со закон и овој Статут.

За донесување на одлуката за зголемување на основната главнина потребно е на Собранието да е претставено мнозинство од 2/3 од акциите со право на глас, а одлуката се донесува со 2/3 мнозинство од претставените акции.

Член 34

Основната главнина може да биде намалена со:

-намалување на номиналниот износ на еден или на повеќе родови и на класи акции;

-спојување на еден или повеќе родови акции, со тоа што најмалиот номинален износ на споената акција не може да биде помал од 1 ЕВРО; и

-повлекување на сопствени и на други акции, ако со повлекувањето се врши намалување на основната главнина;

По намалувањето на номиналниот износ на акциите или бројот на акциите, односно по повлекувањето на сопствените и на други акции, ако со повлекувањето се врши намалување на основната главнина, а по уписот и по објавувањето на уписот на намалувањето на основната главнина во Трговскиот регистар, акциите се поништуваат.

Основната главнина не може да се намали повеќе од најмалиот номинален износ определен за основната главнина со закон.

Намалувањето на основната главнина се врши со одлука за намалување на основната главнина, што ја донесува Собранието, во постапка и на начин утврдени со закон и овој статут.

За донесување на одлуката за намалување на основната главнина потребно е на Собранието да е претставено мнозинство од 2/3 од акциите со право на глас, а одлуката се донесува со 2/3 мнозинство од претставените акции.

## 8. СОБРАНИЕ НА ДРУШТВОТО

Член 35

Акционерите своите права во Друштвото ги остваруваат на Собранието, освен ако со закон поинаку не е определено.

На секој акционер запишан во Акционерската книга, од денот на уписот, му припаѓа право на учество во работата на Собранието и право на глас, освен ако со закон поинаку не е определено.

Членовите на Управниот Одбор и на Надзорниот Одбор учествуваат во работата на Собранието без право на глас, освен ако не се акционери.

Член 36

Собранието одлучува само за прашањата изречно определени со закон и со овој статут, а особено за :

-измена на статутот;

-одобрување на Годишната сметка, на финансиските извештаи и на Годишниот извештај за работата на Друштвото во претходната деловна година и одлучување за распределбата на добивката;

-избор и отповикување на членовите на Надзорниот Одбор;

-одобрување на работата и на водењето на работењето на членовите на Управниот Одбор и Надзорниот Одбор;

-промена на правата врзани за одделни родови и класи акции;

-зголемување и намалување на основната главнина на Друштвото;

-издавање акции и други хартии од вредност;

-назначување овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и на финансиските извештаи ако Друштвото има обврска да ги подготвува;

-преобразба на Друштвото во друга форма на Друштво, како и за статусните промени на Друштвото; и

-престанување на Друштвото.

Собранието не може да одлучува за прашања од обласа на управувањето, односно од обласа на водењето на работењето на Друштвото, што се надлежност на органите на управување, освен ако тоа со закон поинаку не е определено.

Член 37

Годишното собрание го свикува Управниот Одбор најдоцна три месеца по составувањето на Годишната сметка, на финансиските извештаи и на Годишниот извештај за работата на Друштвото во претходната деловна година, а не подоцна од шест месеци од завршувањето на календарската година или 14 месеци од одржувањето на последното Годишно собрание.

На Годишното собрание:

-се разгледуваат и усвојуваат Годишната сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работата на Друштвото во претходната деловна година;

-се одлучува за употребата на чистата добивка или за покривање на загубата; и

-се одобрува работата на членовите на Управниот и на Надзорниот Одбор;

Ако Управниот Одбор не го свика Годишното собрание навреме, Собранието без одлагање го свикува Надзорниот Одбор.

Годишното собрание по завршувањето на деловната година, задолжително одлучува за одобрување на работата и за водењето на работењето на Друштвото од страна на членовите на Управниот Одбор и за работата на членовите на Надзорниот Одбор. За одобрување на работата на членовите на органите на Друштвото се гласа јавно и одделно за секој член на органот.

Расправата и одобрувањето на работата на Управниот Одбор, односно на Надзорниот Одбор, односно за начинот на водењето на работењето на Друштвото мора да биде поврзана со расправата за Годишната сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работата на Друштвото во претходната деловна година.

Ако Годишното собрание не ја одобри работата на Управниот, односно на Надзорниот Одбор или на некои од членовите на овие органи, на истата седница, Собранието може да одлучи да пристапи кон избор на сите членови на Управниот, односно на Надзорниот Одбор или кон избор на нови членови на овие органи на местото на оние на кои Собранието не им ја одобрило работата. Собранието може да одлучи членовите на Управниот, односно на Надзорниот Одбор на кои им ја одобрило работата да продолжат да ги вршат неодложните работи во Друштвото до изборот на полниот состав на овие органи, што се врши на продолжена седница што се одржува во рок не пократок од 8 дена и не подолг од 15 дена од денот на објавувањето на датумот на кои што ќе продолжи седницата на Годишното собрание. Денот на одржувањето на продолжената седница се објавува во дневен весник.

### Член 38

Кога тоа го бара интересот на Друштвото и на акционерите, во времето меѓу две Годишни собранија, може да се свика Собрание.

Управниот Одбор, односно Надзорниот Одбор може со мнозинство гласови од своите членови, кога тоа е предвидено со закон, по своја иницијатива или по барање на акционер во постапка утврдена со закон да донесе одлука за свикување Собрание.

### Член 39

Собранието се свикува со објавување јавен повик до акционерите.

Јавниот повик за одржување на седница на Собранието се објавува на половина страница во најмалку еден дневен весник што излегува на целата територија на Република Македонија. Друштвото ја објавува содржината на јавниот повик и на насловната страница од својата официјална интернет страница, како и на интернет страницата на Берзата.

Рокот кој што тече од денот на објавувањето на јавниот повик, односно од денот на испраќањето на поканата за учество на Собранието, до денот на одржување на Собранието не може да биде пократок од 30 дена до денот на одржување на Собранието.

Материјалите мора да бидат достапни до акционерите од денот на објавувањето на јавниот повик.

### Член 39-а

Во јавниот повик, односно во поканата за одржување на седница на Собрание на Друштвото се означува датумот и часот на одржување на седницата, се наведува местото на

одржување на седницата и се прикажува предложениот дневен ред на седницата на Собранието.

Јавниот повик, односно поканата за одржување на седница на Собрание, содржи опис на постапките според кои акционерите учествуваат и гласаат на седница на Собранието, а особено за тоа како:

1) акционерите можат да вклучат точки во дневниот ред на Собранието и да предлагаат одлуки со информација за тоа како истото можат да го прават откако ќе им се достави поканата, односно откако ќе се објави повикот, како акционерите можат да поставуваат прашања до Друштвото за точките од дневниот ред на седницата на Собранието и со информација за рокот до кој тоа можат да го сторат. По исклучок, јавниот повик односно поканата може да ги содржи само последните рокови до кои може да се предлагаат точки на дневниот ред, поставуваат прашања, односно да се предлагаат одлуки, ако во поканата, односно во јавниот повик е наведена официјалната интернет страница на Друштвото со упатување дека на истата можат да се најдат детални информации за начинот на предлагање точки на дневниот ред, поставување прашања и предлагање одлуки од страна на акционерите;
2) се одвива постапката за гласање преку полномошник, како ќе им се направат достапни обрасците за гласање преку полномошник на акционерите кога Друштвото има подготвено такви обрасци и информација за тоа како Друштвото е подготвено да ги прими електронски известувањата од страна на акционерите за дадени овластувања на полномошници;
3) се одвива постапката за гласање со кореследенција;

Во јавниот повик, односно во поканата за одржување на седница на Собрание на Друштвото од ставот (1) на овој член треба да биде наведена адресата на официјалната интернет страница на Друштвото на која ќе бидат достапни информациите од членот 39-б.

Член 39-б

Во период кој не може да започне подоцна од дваесет и првиот ден пред денот на одржување на седница на Собранието на Друштвото, како и на денот на одржување на седницата на Собранието, Друштвото на својата интернет страница ги објавува најмалку следниве информации:

1) содржина на јавниот повик, односно поканата за свикување на седница на Собрание на Друштвото;
2) вкупниот број на акции и вкупниот број на гласачки права кои произлегуваат од акциите со право на глас на денот на објавата на јавниот повик, односно на денот на испраќање на поканата, вклучително и вкупен број на акции од секој род и класа;
3) документи и материјали кои ќе се разгледуваат на седницата на Собранието на Друштвото;
4) предложените одлуки за донесување или каде што такви нема предложено, мислења на овластен орган или тело на Друштвото по секоја точка од предложениот дневен ред на седницата на Собранието на Друштвото;

5) предложените одлуки од акционерите кои Друштвото веднаш откако ќе ги прими треба да ги објави; и
6) обрасците за гласање преку полномошник и обрасците за гласање со коресподенција подготвени за преземање електронски од страна на акцонерите. Во случај обрасците да не се достапни за електронско преземање од неговата интернет страница, на истата страница Друштвото објавува како обрасците можат да се добијат во писмена форма и на свој трошок, а по барање на акционер, ги доставува обрасците.

Во случај ако се свикува седница на Собрание на Друштвото врз основа на членот 387, став (7) од Законот за трговските друштва, а јавниот повик е објавен, односно поканата е испратена подоцна од дваесет и првиот ден пред денот на одржувањето на седницата, рокот од ставот (1) на овој член се утврдува согласно со членот 387 став (7) од Законот за трговските друштва.

Член 40

Собранието може да одлучува само за прашања кои што се уредно ставени на дневен ред.

Собранието може да расправа, без право на одлучување и за прашања кои што не се уредно ставени на дневен ред.

Секој акционер има право во било кое време да поднесува иницијатива за вклучување точки во дневниот ред на Собрание кое што ќе биде свикано.

Акционери кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акциите со право на глас можат по писмен пат да бараат дополнување на дневниот ред со вклучување една или повеќе точки во дневниот ред на Собранието кое е веќе свикано.

Барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на Собрание кое што е свикано се испраќа до свикувачот на Собранието и тоа во рок од 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик за учество на Собранието.

Барањето за вклучување една или повеќе точки во дневниот ред на Собрание кое што е свикано не може да се одбие, освен во случаите:

-ако акционерот, односно акционерите го пропуштиле рокот од ставот (5) на овој член;

-ако акционерот, односно акционерите не поседуваат доволен број акции со право на глас во Друштвото, во согласност со ставот (4) од овој член;

-ако предлогот не ги исполнува другите услови предвидени со закон; и

-ако точката, односно точките кои што се бара да бидат вклучени во дневниот ред на Собранието не спаѓаат во надлежност на собранието или не се во согласност со законот и со статутот;

Ако барањето од ставот (5) на овој член не е ставено на дневен ред, освен во случаите од ставот (6) на овој член, конечна одлука по барањето донесува Собранието, при усвојувањето на дневниот ред.

Барањето за вклучување една или повеќе точки од дневниот ред на свикано Собрание, органот што го свикал Собранието, го испраќа до сите акционери, односно го објавува на ист начин на кој што го објавил јавниот повик за учество на свиканото Собрание, најдоцна 8 дена пред денот на неговото одржување.

Член 41

Секој акционер кој има намера да учествува на свикано Собрание е должен да го пријави своето учество на Собранието (пријава за учество на собранието) најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание.

Списокот на пријавените акционери го подготвува Управниот Одбор, односно лицето овластено за свикување на Собранието.

Списокот на пријавените акционери од ставот (1) на овој член се става на увид во седиштето на Друштвото.

Пред почетокот на одржувањето на Собранието, Управниот Одбор, односно лицето овластено за свикување на Собранието го споредува списокот на пријавени акционери според состојбата во акционерската книга добиена од Централниот депозитар за хартии од вредност 48 часа пред одржувањето на седницата на Собранието.

Пред почетокот на одржувањето на Собранието, списокот од ставот (3) на овој член го потпишува секој присутен акционер, односно полномошник на акционер со што го верификува своето присуство на Собранието (верификуван учесник на Собранието). Потпишаниот список, со свој потпис, го заверуваат Претседавачот со Собранието и записничарот. По заверката на списокот, Претседавачот со Собранието го констатира кворумот за работа.

Заверениот список од ставот (4) на овој член им се дава на увид на сите учесници на Собранието, пред првото гласање. Секој верификуван учесник на Собранието може да бара копија на потпишаниот список, на свој трошок, кој што не може да биде поголем од вистинскиот трошок.

Член 42

Секој акционер може да овласти, со полномошно, свој полномошник на Собранието (во натамошниот текст: полномошник).

Акционерите можат да овластат полномошник на седница на Собрание на Друштвото со давање полномошно во писмена форма без обврска да го заверат полномошното на нотар. Акционерите треба веднаш да го известат Друштвото за секое полномошно дадено во писмена форма. Акционер кој нема да го известил Друштвото за даденото полномошно се смета дека не го дал полномошното.

Полномошното има важност се до неговото отповикување, но не подолго од 2 (две) години од денот на неговото давање.

Член 42-а

Покрај учество во работата на Собранието со лично присуство или преку полномошник согласно Законот за трговските друштва, Друштвото на акционерите им овозможува да овластуваат полномошници и/или да гласаат на Собранието со коресподенција пред одржување на седницата.

Акционерите можат да гласаат со коресподенција со испраќање на пополнет образец кој во оригинал мора да биде примен во Друштвото најдоцна еден работен ден пред денот на одржување на седницата на Собранието. Друштвото на својата интернет страница ги објавува обрасците за гласање со коресподенција, опис на постапката, потребната документација за

идентификација на акционерите и датумот до кој мора да биде примен образецот за гласање со коресподенција. Акционерот кој гласал со коресподенција може лично да присуствува на седницата на Собранието, но доколку акционерот сака лично да гласа на самата седница мора писмено да го отповика гласањето со коресподенција најдоцна 48 часа пред одржувањето на седницата. Доколку акционерот не достави писмено известување дека го отповикува гласањето со коресподенција, кое мора да биде примено во Друштвото најдоцна 48 часа пред одржување на Седницата, во предвид ќе се земе гласањето со коресподенција.

Член 43

Собранието може да работи (кворум за работа) ако на седницата присуствуваат верификувани учесници на Собранието кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акциите со право на глас.

Ако на Собранието не се обезбеди кворум од ставот (1) на овој член не може да почне со работа. За време што не е подолго од 15 дена од денот за кој што е закажано одржувањето на Собранието кое што немало кворум за работа, се закажува нов термин за одржување на Собранието (презакажано собрание) кое што и се одржува во овој рок. Новиот термин за одржување на презакажаното Собрание се објавува на начин на кој што е објавено свикувањето на Собранието кое што немало кворум за работа.

Учеството на презакажаното Собрание повторно не се пријавува.

Пред да се започне со работа на презакажаното Собрание се пристапува кон потпишување на списокот, со што секој присутен го верификува своето присуство на презакажаното Собрание. Потпишаниот список со свој потпис го заверува Претседавачот со Собранието и записничарот. По заверката на списокот, Претседавачот на Собранието го констатира присуството на пријавените акционери, односно на нивните полномошници, односно кворумот за работа на Собранието.

Секој верификуван учесник на презакажаното Собрание може да бара копија на потпишаниот список, на свој трошок.

На презакажаното Собрание може да се одлучува само по прашањата утврдени во дневниот ред за првото свикување на Собранието, без оглед на бројот на присутните акционери и бројот на акциите што ги имаат. На презакажаното Собрание не може да се одлучува за прашањата за кои што, според закон или овој статут, се одлучува со поголемо мнозинство од кворумот од ставот (1) на овој член.

Член 44

Одлуките на Собранието се донесуваат со мнозинство од акциите со право на глас претставени на Собранието, освен ако со закон или со овој статут не е определено поголемо мнозинство или не се пропишани други услови во поглед на мнозинството со кое што се донесуваат одлуките на Собранието.

Член 45

Со седницата на Собранието претседава Претседавач (во понатамошниот текст: Претседавач со Собрание).

Претседавачот со Собранието го определува редоследот на работата и го одржува редот на седницата на Собранието, а може да утврди правила за водење на седницата на Собранието.

Претседавачот со Собранието се избира за секое одделно Собрание.

Мандатот на Претседавачот со Собранието трае до изборот на Претседавачот на наредното Собрание кое што треба да биде одржано.

За Претседавач со Собранието може да биде избран секој акционер или лице кое што застапува акционер.

За претседавач со Собранието не може да биде избран член на Управен Одбор или член на Надзорен Одбор.

Член 46

Собранието избира записничар и двајца акционери-заверувачи на записникот, освен ако записникот не го води нотар. Кога Собранието одлучува за измена на податок, што во согласност со членот 298 од Законот за трговски друштва се запишува во Трговскиот регистар, записникот го води нотар.

Собранието избира и Комисија за спроведување тајно гласање и други физички лица (бројачи на гласови и други).

Собранието избира и други лица и работни тела (комисии) ако тоа е потребно за вршење други работи кои што го овозможуваат непреченото одвивање на работата на Собранието, на начин и според условите определени со закон и со овој статут.

Член 47

Ако дојде до прекин на седница на Собрание што започнало со работа, присутните акционери на седницата на Собранието можат да одлучат Собранието да продолжи со работа во време и место кое што се определува со мнозинство од акциите со право на глас претставени на Собранието (продолжување на прекината седница на собранието). Одложувањето не може да биде подолго од 8 дена од денот на прекинот.

Ако дојде до прекин на седница на Собрание што започнало со работа, а Собранието не донело одлука за продолжување со работа, во согласност со ставот (1) од овој член, Претседавачот со Собранието го определува времето и местото на продолжувањето на прекинатата седница на Собранието.

Учеството на продолжувањето на прекината седница на Собранието повторно не се пријавува. Акционерот кој не го пријавил учеството на Собранието чија што седница е прекината има право да го пријави своето учество пред почетокот на продолжената седница, според состојбата во акционерската книга. На почетокот од работата на продолжената седница на Собранието се пристапува кон повторно потпишување на списокот на пријавените акционери, односно полномошниците, со што секој присутен го верификува своето присуство на продолжението на прекинатата седница на Собранието. Потпишаниот список, со свој потпис, повторно го заверуваат Претседавачот со Собранието и записничарот.

По заверувањето на списокот, Претседавачот со Собранието го констатира кворумот за работа на продолжението на прекината седница на Собранието.

Заверениот список од ставот (3) од овој член им се дава на увид на сите учесници на продолжението на прекинатата седница на Собранието пред првото гласање. Секој верификуван учесник на Собранието може да бара копија на потпишаниот список, на свој трошок.

Ако на продолжената седница на Собрание нема кворум за работа или таа не се одржи во рокот од ставот (1) на овој член, се закажува ново Собрание според условите, начинот и постапката определени со закон или со овој статут.

Одлуките донесени на Собранието кое што по започнувањето со работа ја прекинало работата, без разлика на тоа дали ќе продолжи со работа, се сметаат за полноважни. На седницата на која што Собранието продолжило да работи, Собранието расправа и одлучува само по точките кои што не се разгледувани и по кои што не е одлучувано.

Член 48

Ако со законот и со овој Статут поинаку не е определено, Собранието одлуките ги донесува со јавно гласање.

По барање на еден или на повеќе акционери кои имаат најмалку една десеттина од вкупниот број на акциите со право на глас, се пристапува кон тајно гласање.

Акционерите можат да гласаат на свикано Собрание преку телефон или преку друго соодветно електронско средство, коешто е дел од јавна комуникациска мрежа и преку кое што може, на сигурен начин да се утврди идентитетот на секој акционер, правото на глас, начинот на воспоставување на комуникациска врска меѓу Друштвото и акционерите и тоа така што гласањето да биде достапно на секој акционер и да може, со сигурност, да се евидентира извршеното гласање. Акционерот кој гласа преку телефон или преку друго електронско средство се смета за присутен на Собранието, односно го сочинува кворумот за работа и за одлучување на Собранието.

Член 49

Тајното гласање го спроведува Комисија за тајно гласање избрана со одлука на Собранието. Во

Комисија за тајно гласање не може да се избере акционер, односно друго лице кое е член на Управен односно Надзорен Одбор, ниту Претседавач со Собранието на кое што се врши тајното гласање.

Комисијата за тајно гласање е должна да работи непристрасно и праведно.

Комисијата за тајно гласање ја определува содржината на гласачките ливчиња, се грижи за умножување на гласачките ливчиња, ги нумерира гласачките ливчиња, ги пребројува гласовите и поднесува писмен извештај за спроведеното тајно гласање.

Гласачкото ливче мора да ги содржи имињата и презимињата на сите кандидати кои се избираат со тајно гласање.

Кога се врши тајно гласање, ливчето за гласање мора да ги содржи прашањата за кои што ќе се гласа, опцијата за гласање „за", „против", „воздржан" за секое прашање или група на прашања или друга јасна опција, како и објаснување за начинот на кој што се врши тајното гласање.

Гласачките ливчиња, извештајот за спроведеното гласање и другиот изборен материјал се чуваат на ист начин како и записниците од собранијата.

Член 50

Одлуките на Собранието влегуваат во сила со денот на донесувањето, освен ако со овој статут или во одлуката не е утврден друг датум на влегување во сила.

Член 51

За работа на Собранието се води записник кој што содржи податоци за:

-фирмата и седиштето на Друштвото;

-датумот, времето и местото на одржувањето на Собранието;

-името на Претседавачот со Собранието, односно името на записничарот и имињата на бројачите на гласови;

-дневниот ред на Собранието;

-бројот на присутните акционери, односно полномошниците на акционери и кворумот за работа;

-расправата водена на Собранието;

-значајните настани на Собранието, како и поднесените предлози;

-одлуките, бројот на гласови „за" и „против" и бројот на воздржаните гласови; и

-ограничувањата, односно противењата на акционер, член на Управниот, односно на Надзорниот Одбор против некоја одлука ако е изјавено оградување, односно противење;

За записничар и заверувачи на записник не може да биде избран член на Управен, односно на Надзорен Одбор, ниту Претседавачот со Собранието.

Записникот се подготвува најдоцна во рок од 8 дена од денот на одржувањето на Собранието и него го потпишуваат записничарот и Претседавачот со Собранието, а го заверуваат заверувачи на записник.

Секој акционер може да бара од Управниот одбор, издавање копија од записникот од Собранието, на негов трошок. Трошокот не може да биде поголем од стварните трошоци.

Кога записникот го води нотар, записникот се подготвува најдоцна во рок од 3 дена од денот на одржувањето на Собранието и него го потпишува нотарот и Претседавачот со Собранието.

Копијата од ставот (4) на овој член ја дава нотарот кој го водел записникот.

Записниците заедно со прилозите се чуваат најмалку десет години.

## 9.СИСТЕМ НА УПРАВУВАЊЕ НА ДРУШТВОТО

## ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ И НАДЗОР

Член 52

Управувањето со Друштвото е организирано според двостепен систем.

Друштвото има Управен Одбор и Надзорен Одбор.

УПРАВЕН ОДБОР

Член 53

Управниот Одбор има 5 (пет) члена.

За член на Управниот Одбор може да биде избрано само физичко лице кое е деловно способно и против кое не е изречена казна, односно прекршочна санкција - забрана за вршење должност, која делумно или целосно е опфатена во предметот на работење на Друштвото, додека трае таа забрана.

Членовите на Управниот Одбор ги избира и разрешува Надзорниот Одбор.

Ниту едно лице во исто време не може да биде член на Управен Одбор и член на Надзорен Одбор.

Членовите на Управниот Одбор се избираат за време од 6 (шест) години, со право повторно да бидат избрани.

Член 54

Надзорниот Одбор ги избира членовите на Управниот Одбор со мнозинство гласови од вкупниот број гласови.

Предлог за избор на член на Управниот Одбор може да даде секој член на Надзорниот Одбор.

Се гласа поединечно за секој член.

Гласањето е јавно.

Со одлуката за избор на членовите на Управниот Одбор, еден од членовите на Управниот Одбор се именува за Претседател на Управниот Одбор.

Доколку Претседателот на Надзорниот Одбор не е независен член, еден од независните членови на Надзорниот Одбор се именува за заменик претседател.

Член 55

Управниот Одбор со одобрение на Надзорниот Одбор може да го овласти Претседателот на Управниот Одбор или друг член на Управниот Одбор да го застапува Друштвото.

Членовите на Управниот Одбор што го застапуваат Друштвото го носат називот Генерален Директор.

Член 56

Управниот Одбор управува со Друштвото и во тие рамки, го води работењето на Друштвото по сопствена одговорност. Управниот Одбор има најшироки овластувања во управувањето со Друштвото, односно во вршењето на сите работи поврзани со водењето на работите и тековните активности на Друштвото, во интерес на сите акционери и дејствува во сите околности од име на Друштвото, во рамките на предметот на работењето на Друштвото, со исклучок на овластувањата кои што изречно му се дадени на Собранието и на Надзорниот Одбор.

На предлог на Претседателот на Управниот Одбор, Управниот Одбор ги распределува овластувањата и обврските помеѓу членовите на Управниот Одбор.

Управниот Одбор може на еден или повеќе свои членови или на трето лице, да го довери извршувањето на конкретни задачи.

Управниот Одбор заради извршување на овластувањата од став1 од овој член, може да назначи раководни лица кои го вршат секојдневното водење на работењето на Друштвото, во согласност со одлуките, насоките и налозите на Управниот Одбор.

Член 57

Управниот Одбор работи и одлучува на начин утврден со овој Статут и Деловник за работа на Управниот Одбор.

Во остварувањето на работите од својата надлежност, Управниот Одбор ги има следниве овластувања:

-ја води деловната политика и го води работењето на Друштвото;

-ја усвојува Програмата и Планот за работа на Друштвото и дава насоки за нивно спроведување;

-управува со Друштвото и во тие рамки го води работењето на Друштвото под сопствена одговорност;

-ја утврдува внатрешната организација на Друштвото;

-донесува одлуки, заклучоци и препораки за прашања од негова надлежност;

-ги именува и разрешува лицата со посебни овластувања и одговорности во Друштвото и одлучува за нивната одговорност по приговор, одлучува по приговор на работниците како второстепен орган за правата, обврските и одговорностите на работниците од работниот однос;

-одлучува за зделки чија вредност не надминува 20% од сметководствената вредност на имотот на Друштвото;

-одлучува и по други прашања и врши и други работи утврдени со закон и овој статут и работи што ќе му ги пренесе Собранието;

Член 58

Управниот Одбор, со претходно одобрение на Надзорниот Одбор, одлучува за следните прашања:

-затворање (престанување) или пренос на претпријатие или негов дел што учествува со над 10% од приходот на Друштвото;

-намалување или проширување на предметот на работење на Друштвото;

-суштествени внатрешни организациони промени на Друштвото што се определуваат со акт на Друштвото;

-воспоставување долгорочна соработка со други друштва од суштествено значење за Друштвото или нејзино прекинување;

-основање и престанување на трговско друштво што учествува со над една десеттина во основната главнина на Друштвото;

-основање и престанување на подружници на Друштвото;

Ако Надзорниот Одбор одбие да даде одобрение, Управниот Одбор, со образложение поднесено во писмена форма, може да бара одобрение од Собранието.

Одлуката со која Собранието дава одобрение се донесува со мнозинство гласови кое изнесува најмалку две третини од акциите со право на глас претставени на Собранието.

Член 59

Правата и обврските на членовите на Управниот Одбор, покрај правата и обврските определени со закон и овој статут може да бидат определени со Договор за уредување на односите меѓу Друштвото и член на Управниот Одбор (менаџерски договор).

Од името на Друштвото договорот меѓу член на Управниот Одбор и Друштвото го склучува Надзорниот Одбор, а го потпишува Претседателот на Надзорниот Одбор.

Член 60

Претседателот на Управниот Одбор ги свикува состаноците и претседава со нив и е одговорен за водењето на записникот од состаноците и за организација на други форми преку кои што Управниот Одбор работи и одлучува.

Ако Претседателот на Управниот Одбор од било кои причини не е во можност да ја врши функцијата или ако е отсутен, со состаноците на Управниот Одбор претседава член на Управниот Одбор, именуван од Надзорниот Одбор.

Член 61

Управниот Одбор одржува состанок кога тоа го налага извршувањето на работите во рамките на неговите надлежности.

Секој член на Управниот Одбор, со барање поднесено во писмена форма, може со наведување на причините и целта да бара од Претседателот да свика состанок на Управниот Одбор.

Свикувањето на состанокот се врши со известување до сите членови на Управниот Одбор, во кое што се наведуваат времето и местото на одржувањето на состанокот, како и предложениот дневен ред.

Член 62

Управниот Одбор може да работи и да одлучува, ако на состанокот се присутни најмалку половина од сите негови членови.

Одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови.

Гласот на Претседателот на Управниот Одбор е одлучувачки, во случај на поделба на гласовите.

Член 63

Управниот Одбор може да одлучува и без одржување на состанок. Во тој случај одлуката се смета за донесена ако сите членови на Управниот Одбор дадат согласност за нејзиното донесување.

За сите одлуки донесени на начинот од став 1 на овој член, се води Записник.

Записникот го потпишува Претседателот на Управниот Одбор.

Член 64

За работата на секој состанок на Управниот Одбор, без разлика на тоа како е одржан состанок, се подготвува записник.

Записникот мора да се изготвува во рок од три дена од денот на одржување на состанокот, освен ако со закон не е поинаку определено. Записникот се усвојува на наредната седница на Управниот Одбор и доколку нема забелешки и измени веднаш се потпишува. Ако има забелешки и измени, тие се внесуваат во записникот и тој се потпишува веднаш, или ако тоа не е можно, во натамошен рок од три дена.

Записникот треба да содржи податоци за начинот на кој што работел Управниот Одбор (на состанок или друг начин), времето и местото на одржувањето на состанокот, лицата кои присуствувале и дневниот ред на состанокот, прашањата кои биле предмет на гласање и резултатите од секое гласање, вклучувајќи ги и имињата на членовите кои гласале ,,за" и ,,против" одлуките усвоени на состанокот. Во Записникот може, по барање на членот кој гласал ,,за" и ,,против" да се внесе и причината зошто така гласал. Ако некој член има судир на интерес, членот има обврска тоа да го најави на почетокот на состанокот и тоа да се евидентира во записникот.

Записникот го потпишуваат сите членови на Управниот Одбор кои биле присутни на состанокот. Записникот го потпишува и Претседателот на Управниот Одбор, а во негово отсуство членот кој претседава на состанокот.

Член 65

Управниот Одбор може да формира една или повеќе комисии од редот на своите членови и од други лица.

Составот, условите, содржината на работата и начинот на работењето на овие комисии, поблиску се уредуваат со Деловникот за работа на Управниот Одбор и другите акти и одлуки донесени во согласност со статутот.

Член 66

Членовите на Управниот Одбор, најмалку еднаш во три месеци му поднесуваат на Надзорниот Одбор пишан извештај за работењето на Друштвото, а по истекот на деловната година поднесуваат и Годишна сметка, годишни финансиски извештаи и Годишен извештај за работењето на Друштвото.

На барање на Надзорниот Одбор, членовите на Управниот Одбор, составуваат посебен извештај за состојбата на Друштвото или за некое прашање од неговото работење.

Членовите на Надзорниот Одбор може сами или преку други лица да преземаат дејствија заради стекнување увид во работењето во Друштвото и управувањето со него од страна на членовите на Управниот Одбор. На барање на најмалку една третина од членовите на Надзорниот Одбор, членовите на Управниот Одбор се должни да ги подготват сите документи и известувања потребни за вршење надзор над нивната работа.

Секој член на Надзорниот Одбор заради извршување на својата функција има право да ги разгледува сите извештаи, акти и документи што членовите на Управниот Одбор ги доставуваат на Надзорниот Одбор.

Член 67

Членовите на Управниот Одбор мораат да ги вршат своите работи со внимание, уредно и совесно и да ја чуваат деловната тајна.

Членовите на Управниот Одбор кои ќе извршат повреда на своите обврски во однос на Друштвото, му одговараат на Друштвото за причинетата штета како солидарни должници. Во случај на спор членовите на Управниот Одбор мораат да докажат дека постапувале со внимание на уреден и совесен трговец.

Членовите на Управниот Одбор не се сметаат одговорни за штетата ако работеле врз основа на одлука на Собранието на Друштвото, која ја усвоиле и покрај тоа што му укажале дека е спротивна на овој статут.

Член 68

Членовите на Управниот Одбор во согласност со нивната положба, утврдена со закон и овој статут имаат исти права и обврски во управувањето со Друштвото, без оглед како се распоредени правата и обврските меѓу членовите на Управниот Одбор.

Членовите на Управниот Одбор се должни како деловна тајна да ги чуваат сите известувања и податоци што се однесуваат на работењето на Друштвото, а кои ги добиле како доверливи. Оваа должност постои и продолжува да важи и по престанокот на членувањето во Управниот Одбор.

Обврската од став 2 на овој член трае и по престанокот на мандатот во Управниот Одбор, согласно обврските преземени во договорот за работа.

НАДЗОРЕН ОДБОР

Член 69

Надзорниот Одбор има 4 (четири) члена.

Еден член на Надзорниот Одбор е независен член.

Членовите на Надзорниот Одбор ги избира Собранието. При изборот се назначува кој член се избира како независен член.

Собранието ги избира членовите на Надзорниот Одбор со јавно гласање.

По барање на еден или повеќе акционери кои имаат најмалку 1/10 од вкупниот број на акции со право на глас, се пристапува кон тајно гласање.

Член 70

За член на Надзорен Одбор може да биде избрано физичко лице кое е деловно способно и против кое не е изречена казна, односно прекршочна санкција забрана за вршење должност, која делумно или целосно е опфатена во предметот на работење на Друштвото, додека трае таа забрана.

Членовите на Надзорниот Одбор се избираат за време од шест години. Членовите на Надзорниот Одбор можат повторно да бидат избрани.

Од редот на членовите кои ги избира Собранието, Надзорниот Одбор избира Претседател.

Член 71

За одлучување на Собранието на кое се избираат членови на Надзорен Одбор, потребно е присуство на акционери кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акции со право на глас.

Одлуката за избор на членови на Надзорниот Одбор се донесува со мнозинство од присутните гласови.

Ако на Собранието не е обезбедено присуство од став 1 на овој член Собранието се презакажува, согласно постапката за презакажано Собрание.

Член 72

Предлог-листа за избор на членови на Надзорен Одбор можат да дадат акционери кои поседуваат најмалку 20% од вкупниот број акции со право на глас.

Во предлог-листата мора да биде назначено кој член се предлага како независен член.

Предлогот се дава во писмена форма најдоцна 10 дена пред одржување на Собранието и мора да биде потпишан од предлагачите.

Предлогот се доставува до органот кој го свикува Собранието.

Член 73

За сите предложени кандидати, органот што го свикува Собранието во писмена форма објавува податоци за возраста, полот, образованието и другите професионални квалификации, работното искуство и како го стекнал, во кои друштва е или бил член на орган на управување, односно на Надзорен Одбор и други поважни функции што ги вршел, бројот на акциите што ги поседува во Друштвото и други друштва како и заемите и други обврски кои ги има спрема Друштвото.

Податоците утврдени во став 1 на овој член, мора да бидат достапни на акционерите 7 (седум) дена пред Собранието да пристапи кон избор.

Член 74

Доколку се пристапува кон тајно гласање, гласањето за избор на членови на Надзорен Одбор се врши со гласачко ливче кое ги содржи сите уредно доставени предлог листи.

Се гласа за предлог листа на членови на Надзорниот Одбор.

Гласачкото ливче се заверува со печат на Друштвото.

Гласањето се врши со заокружување на редниот број пред листата на членови на Надзорниот Одбор.

Член 75

Гласањето го спроведува Комисија за спроведување тајно гласање, избрана од редот на акционерите на самото Собрание.

За резултатите од гласањето, Комисијата поднесува извештај пред Собранието.

Член 76

За членови на Надзорниот Одбор се избрани кандидатите од листата која добила повеќе од половина од присутните гласови.

Доколку ниту една предлог-листа за членови на Надзорниот Одбор не го добила потребното мнозинство гласови, гласањето се повторува.

При повторното гласање за избрана се смета онаа листа која добила најмногу гласови.

Член 77

Одлуката за избор на Надзорен Одбор стапува во сила со денот на донесувањето.

Пријавата за упис во Трговскиот регистар на избраниот Надзорен Одбор ја поднесува лицето овластено со одлуката на Собранието.

Член 78

Надзорниот Одбор врши надзор врз управувањето со Друштвото што го врши Управниот Одбор.

Надзорниот Одбор може да врши увид и да ги проверува книгите и документите на Друштвото, како и имотот, особено благајната на Друштвото и хартиите од вредност и стока.

Надзорниот Одбор за вршење одделни стручни работи од надзорот може да задолжи одделни членови на одборот, овластени ревизори или стручни лица, како и да формира комисии кои ќе му помагаат во извршувањето на неговите задачи и се грижи тие да имаат состав и ресурси потребни за ефективно извршување на нивната улога.

На Надзорниот Одбор не можат да му бидат пренесени овластувања во врска со управувањето на Друштвото, освен ако со закон поинаку не е определено. По исклучок со закон и овој статут се одредува за кои определени видови работи Управниот Одбор може да одлучува само со претходно одобрение на Надзорниот Одбор.

Надзорниот Одбор го застапува Друштвото спрема членовите на Управниот Одбор.

Член 79

Надзорниот Одбор одржува состанок ако тоа го налага извршувањето на работите во рамките на неговите надлежности.

Секој член на Надзорниот Одбор, со барање поднесено во писмена форма, може со наведување на причините и целта да бара од Претседателот на Надзорниот Одбор да свика состанок на Надзорниот Одбор. Состанокот мора да се одржи во рок од 15 дена од денот кога е донесено барањето.

Надзорниот Одбор, во текот на годината, задолжително одржува најмалку четири редовни состаноци и тоа на секои три месеца, при што еден од нив мора задолжително да се одржи во рок од еден месец пред одржувањето на Годишното собрание.

Покрај обврската за одржување состаноци, определена во ставот (3) од овој член, Надзорниот Одбор може да одржува и други состаноци што ги свикува Претседателот на Надзорниот Одбор или што се свикани по писмено барање на некои од членовите на Одборот, овластениот ревизор или акционерите кои претставуваат најмалку една десетина од акциите со право на глас. Барањето се доставува до Претседателот на Надзорниот Одбор.

Член 80

Одредбите од овој статут кои се однесуваат на кворумот за работа и одлучување, состаноци преку конференциска, телефонска врска, одлучување без одржување состанок и водење записник на Управниот Одбор се применуваат и при работата на Надзорниот Одбор.

Член 81

Собранието со одлука го определува месечниот паушал на членовите на Надзорниот Одбор.

Членовите на Надзорниот Одбор имаат право и на надомест на сите други трошоци (патни и други трошоци), право на осигурување на живот и на друг вид осигурување, како и други права што се поврзани со вршењето на нивната функција (користење работни простории, потребни средства за работа и друго).

## 10.ЗДЕЛКИ СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА

Член 82

Секоја зделка (вклучувајќи, без ограничување, заем, кредит, залог или гаранција) во која заинтересираната страна е член на Управен, односно Надзорен Одбор, вклучувајќи ги и раководните лица или акционер на Друштво кои заедно со поврзаните лица поседуваат 20% или повеќе проценти од акциите со право на глас на Друштвото или лице кое има овластување да дава упатства на Друштвото што се задолжителни, се смета за зделка со заинтересирана страна и се извршува од страна на Друштвото во постапка во согласност со закон.

Се смета дека лицето од ставот (1) од овој член е заинтересирана страна и има интерес во извршување на зделката од страна на Друштвото доколку тоа лице, негов застапник, сопружник, родители, деца, браќа-сестри од двајцата родители или само од едниот родител, родители посвоители, посвоени деца и/или некое лице поврзано со нив (во натамошниот текст: заинтересирана страна):

-е страна во таквата зделка, нејзин корисник, застапник или посредник во таква зделка; или

-поединечно или заедно поседуваат 20% или повеќе проценти од акциите во правното лице кое е страна во зделката, нејзин корисник, застапник или посредник во таквата зделка; или

-е член на органот на управување, односно на надзор на правното лице кое е страна во зделката, нејзин корисник или застапник во таквата зделка или е раководно лице на тоа правно лице;

Одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член нема да се применуваат:

-ако сите акционери имаат интерес во зделката;

-во случај на остварување на правото на првенствено купување акции, издадени од Друштвото; и

-при стекнување или откуп на сопствени акции;

Член 83

За секој договор или друга деловна активност на Друштвото во која што Друштвото е странка и во која што член на Управниот, односно на Надзорниот Одбор има интерес, дури и на посреден начин, мора да се постапи според членовите 83, 84 и 85 од овој Статут.

Секој член на Управниот Одбор, односно на Надзорниот Одбор кој има интерес е должен веднаш да го пријави тоа.

Ако член или заинтересиран член на Управниот, односно на Надзорниот Одбор дојде до сознание дека е исполнет некој од условите од ставот (1) на овој член, за тоа веднаш го известува Надзорниот Одбор. Заинтересираниот член има право да биде сослушан, но не може да учествува во расправата или во одлучувањето во врска со договорот или со друга правна работа, ниту во донесувањето на одлуката за давање на одобрението од став (1) од овој член.

Член 84

Секоја зделка со заинтересирана страна е предмет на претходно одобрување од страна на Надзорниот Одбор или на Собранието, на начинот и според постапката определена во овој член.

Одлука за одобрување на секоја зделка со заинтересирана страна се донесува во согласност со сите членови на Надзорниот Одбор. Ако сите членови на Надзорниот Одбор се заинтересирани страни или ако бројот на членовите на Надзорниот Одбор кои немаат интерес е помал од бројот што е потребен за кворум за седницата на Надзорниот Одбор определен во Статутот, таквата зделка ја одобрува Собранието.

Собранието ја одобрува зделката со заинтересираната страна со мнозинство гласови од претставените акции кои немаат интерес, кое не може да изнесува помалку од мнозинството од претставените акции на Собранието со право на глас и тоа, ако:

-вредноста на имотот на кој што се однесува ваквата зделка или поврзаните зделки изнесува 2% или повеќе проценти од книговодствената вредност на имотот на друштвото, според последните ревидирани финансиски извештаи во Друштвото или во однос на понудената цена во случај кога треба да се купи имот;

-зделката или поврзаните зделки се однесуваат на издавање преку запишување или продажба на акции што изнесуваат повеќе од 2% од обичните акции на Друштвото, преостанати во тој период; или

-зделката или поврзаните зделки се однесуваат на издавање преку запишување на конвертибилни обврзници, што може да се конвертираат во обични акции, а кои изнесуваат повеќе од 2% од издадените обични акции на Друштвото и ако во исто време, претходно издадените обични акции во серии се конвертибилни во акции;

Во одлуката со која се одобрува зделка со заинтересирана страна се определува лицето кое е страна на зделката или е корисник, како и вредноста, предметот и другите материјални услови на зделката.

Собранието може да одобри зделка со заинтересирана страна која што може да биде остварена со Друштвото во иднина, во редовниот тек на неговата работа. Во одлуката усвоена од Собранието задолжително, меѓу другото, се определува и најголемиот износ на зделката.

Во постапката за одобрување зделка со заинтересирана страна цената на имотот или услугите кои се продаваат или се купуваат со неа ги определува Надзорниот Одбор.

Секоја заинтересирана страна е одговорна кон Друштвото за штетите што му ги предизвикала. Ако повеќе страни се одговорни, нивната одговорност кон Друштвото е солидарна.

Член 84-а

Пред донесување на одлука за одобрување на зделка со заинтересирана страна донесена од надлежен орган на Друштвото, покрај утврденото во член 84, доколку вредноста на зделката што е предмет на одобрување или кумулативната вредност на меѓусебно поврзани зделки во текот на изминатите 12 месеци од денот на одобрување на зделката изнесува 10% и повеќе од вредноста на активата на Друштвото определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи, прибавува мислење од овластен ревизор кој ги исполнува условите пропишани со Законот за ревизија и Законот за хартии од вредност.

Мислењето од овластениот ревизор се однесува на тоа дали зделката со заинтересирана страна е во согласност со важечките прописи во земјата, дали зделката со заинтересирана страна е фер, односно дали вредноста на зделката е утврдена според пазарните услови, дали постои несразмерност во заемните давања на страните, дали постојат и какви било други факти и околности кои би можеле да претставуваат основ за причинување на штета, со препорака до малцинските акционери дали да ја поддржат зделката со заинтересирана страна.

Акционерското друштво од ставот (1) на овој член може да ја реализира зделката со заинтересирана страна само доколку пред одобрување на зделката е добиено мислење од овластен ревизор.

Одредбите од овој член нема се применуваат кога Друштвото:

- врши исплата на дивиденда;
- издава хартии од вредност;
- дава финансиски услуги кои спаѓаат во доменот на редовното работење на акционерското друштво (банкарски, услуги во работењето со хартии од вредност, услуги поврзани со осигурувањето и слично) кога истите се регулирани со посебни закони и се под супервизија на надлежен орган.

Член 85

Лицата наведени во член 83 став (1) од овој статут се должни да го известат Надзорниот Одбор:

-за друштвата во кои тие сами или со поврзани лица имаат 20% или повеќе проценти од уделот, односно акции со право на глас;

- за друштвата во чии што органи имаат управувачки функции; и

-за нив познати тековни или можни зделки, во кои се заинтересирана страна;

Член 86

Друштвото не може да дава кредит на член на Управниот, односно Надзорниот Одбор и на членови на нивните потесни семејства ниту на член на Управниот, член на Надзорниот одбор, односно на зависно друштво или на член на неговото потесно семејство.

Со забраната не се опфатени обврските кои Друштвото ги презело со договорот за уредување на односите меѓу Друштвото и член на Управниот Одбор, ако овие обврски се

договорени во согласност со претходна одлука на Собранието донесена со мнозинство од две третини од акциите со право на глас претставени на Собранието, или ако договорената обврска дополнително ја потврди Собранието со две третини од акциите со право на глас, претставени на Собранието.

## 11. ГОЛЕМИ ЗДЕЛКИ

Член 87

За голема зделка се смета зделка (вклучувајќи, без ограничување, заем, кредит, залог, гаранција) или меѓусебно поврзани зделки, доколку таквата зделка односно зделки се однесуваат на стекнување или отуѓување или на можно отуѓување, директно или индиректно на имот на Друштвото чија што вредност изнесува над 20% од сметководствената вредност на имотот на Друштвото, определена врз основа на последните финансиски извештаи на Друштвото, со исклучок на зделки извршени (остварени) во текот на редовното работење на Друштвото, зделки поврзани со стекнување преку запишување обични акции на Друштвото и зделки поврзани со стекнување на конвертибилни обврзници.

Во случај на отуѓување имот или стекнување имот, вредноста на имотот што се отуѓува како и цената на имотот што се купува, се споредуваат со сметководствената вредност на имотот на Друштвото.

Член 88

Секоја голема зделка, мора да биде одобрена од Надзорниот Одбор или Собранието во зависност од големината на зделката.

Одлуката за одобрување на секоја голема зделка која се однесува на имот чија што вредност е проценета над 20% до 50% од сметководствената вредност на имотот на Друштвото, се донесува со согласност на сите членови на Надзорниот Одбор.

Ако не се постигне согласноста од став (2) на овој член, Надзорниот Одбор може големата зделка да ја поднесе на одобрување на Собранието. Одлуката Собранието ја донесува со мнозинство од претставените акции на Собранието со право на глас.

Одлука за одобрување голема зделка чиј што предмет е имот со проценета вредност над 50% од сметководствената вредност на имотот на Друштвото се донесува со двотретинско мнозинство од акциите со право на глас, претставени на Собранието.

Одлуката за одобрување на голема зделка, Собранието ја донесува врз основа на проценетата вредност на имотот што се стекнува или отуѓува определена од Надзорниот Одбор.

Доколку член на Управниот Одбор или Надзорниот Одбор има личен интерес, односно заинтересирана страна за одобрување на голема зделка се применуваат одредбите од овој статут што се однесуваат на зделка со заинтересирана страна.

## 12. УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ ВО ДРУШТВОТО

Член 89

Односите во Друштвото се уредуваат со овој статут, колективниот договор и со одлуките со кои се уредуваат општи прашања.

Собранието, Надзорниот Одбор и Управниот Одбор носат деловници со кои се уредува начинот на работењето и решавањето, како и други општи акти.

Работните односи, платите и другите права од работниот однос се уредуваат со колективен договор и други акти што ги донесува, односно склучува Управниот Одбор на Друштвото.

Член 90

Овој Статут е основниот акт на Друштвото.

Другите акти на Друштвото мора да бидат во согласност со овој Статут.

Одредбите на другите акти што се во спротивност со овој Статут не може да се применуваат.

Член 91

Акт што го донесува Управниот Одбор, како и поединечен акт што го донесува поединец или орган на Друштвото, мора да биде во согласност со овој Статут и другите акти на Друштвото.

Член 92

Измените и дополнувањата на актите на Друштвото се вршат на начин и постапка што е предвидена за нивното донесување.

Член 93

Актите на Друштвото влегуваат во сила со денот на донесувањето.

Објавувањето на актите се врши на огласната табла на Друштвото.

Член 94

Толкување на Актот на Друштвото дава органот што го донесол Актот.

Актот за толкување на актите се објавува на начин на кој се објавуваат актите.

Член 95

Друштвото, во своето седиште, ги чува следните акти и документи:

-Статутот и другите акти, како и сите нивни измени и дополнувања, заедно со пречистените текстови;

-Записниците и сите други документи од сите Собранија на акционерите;

-Записниците и одлуките од состаноците на Управниот Одбор, односно на Надзорниот Одбор;

-Годишните сметки и финансиските извештаи кои што треба да се чуваат според закон;

-Прилози (исправи и докази) кои што се поднесени до Трговскиот регистар;

-Сите јавни повици и проспекти за издавање акции и други хартии од вредност на Друштвото;

-Целокупната писмена коресподенција со акционерите;

-Ажурирана листа со имиња и презимиња и адреси на сите избрани членови на Управниот, односно на Надзорниот Одбор;

-Документите за залог и хипотека;

-Извештајот на овластениот ревизор и Извештајот на овластениот проценител;

-Гласачките ливчиња и полномоштвата за учество на Собранието во оригинал или копија;

-Колективниот договор на ниво на Друштвото и сите општи акти; и

-Други акти и документи предвидени со закон.

## 13. ИМОТ НА ДРУШТВОТО, ПЛАНИРАЊЕ, ТРГОВСКИ КНИГИ, УТВРДУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИОТ РЕЗУЛТАТ И РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА

Член 96

Имотот на Друштвото го сочинуваат предмети, права и пари.

Член 97

Со Годишниот план се утврдуваат задачите на Друштвото по организациони делови, при што основна планска задача е создавање на добивка.

Планирањето се уредува со посебен акт што го донесува Управниот Одбор.

Член 98

Резултатите од работењето се утврдуваат согласно законските прописи.

Согласно законските прописи Друштвото води и трговски книги.

Член 99

Билансот на состојбата на Друштвото се искажува согласно законот и врз следните принципи:

-состојбата на средствата се искажува со реална пазарна вредност и со максимално законски дозволено подоценување на активата;

-држење на краткорочни и долгорочни резерви на активата, заради стабилност и долгорочна перспектива на Друштвото;

-состојбата на изворите се искажува реално во целосна големина;

Член 100

Друштвото е основано заради остварување добивка.

Добивката на Друштвото се утврдува во согласност со прописите.

Деловниот резултат на Друштвото се утврдува со Билансот на успехот кој ги содржи приходите и расходите.

Член 101

Финансискиот резултат, посебно искажувањето на добивката се заснова на:

- максимално можно и реално товарење и покривање на сите видови расходи;

- товарење на приходите со сите расходи и ризици од работењето што би настанале во иднина, а се однесуваат на тековното работење; и

- прикажување на приходите во реална состојба;

Член 102

По истекот на секоја деловна година во рокови утврдени со закон се составува Годишна сметка, финансиски извештаи и Годишен извештај.

- Годишната сметка ја сочинуваат:

-биланс на состојба

-биланс на успех

- Финансиските извештаи содржат:
  - -биланс на состојба
  - -биланс на успех
  - -извештај за промени на главнината
  - -извештај за паричните текови
  - -применети сметководствени политики; и
  - -слично, согласно законски прописи;

Годишната сметка и финансиските извештаи ги потпишува Директорот на Секторот за сметководство како овластен сметководител на Друштвото, на начин и постапка согласно Законот за трговски друштва, по што истите ги потпишува законскиот застапник на Друштвото.

Годишниот извештај се изготвува во форма и содржина утврдена со закон и подзаконски акти.

Член 103

Во Друштвото покрај Годишната сметка и финансискиот извештај, се изготвуваат и пресметки и финансиски извештаи за секое тромесечје поврзано со котација на берзата, а во согласност со законските прописи.

Член 104

Документите и извештаите од членовите 102 и 103 како и консолидираните биланси на Друштвото ги изготвува и за истите е целосно одговорен Директорот на Секторот за сметководство.

Член 105

Остварената нето добивка се распределува на:

-Законска дивиденда на иматели на приоритетни акции;

-Задолжителна општа резерва (општ резервен фонд);

-Статутарна резерва;

-Дел за дивиденди и награди;

Нето добивката се распределува на предлог на Управниот Одбор имајќи ги предвид законските одредби и висината на остварената добивка.

Член 106

На членовите на Управниот Одбор може за нивната работа да им се одобри учество во добивката. Учеството се состои од удел во годишната добивка на Друштвото.

Ако на лицата од став 1 им е одобрен удел во годишната добивка на Друштвото, уделот се пресметува според годишната, чиста добивка намалена за загубата пренесена од претходната година и за износите кои според законот и овој статут се одземаат од годишната добивка.

Вкупните примања на лицата од став 1 на овој член (плата, учество во добивка, надоместок на трошоци, надоместок за осигурување и сл.), треба да бидат сообразни со задачите и со успешноста на работењето на Акционерското Друштво.

Ако по утврдувањето на примањата на лицата од став 1 на овој член, настапи значително влошување на состојбата на Друштвото, поради што примањата од став 3 на овој член би претставувале голем товар на Друштвото, Надзорниот Одбор може соодветно да ги намалува.

Член 107

На Годишните сметки и Извештајот за работа на Друштвото, се врши ревизија најдоцна еден месец пред одржување на седницата на Собранието на Друштвото.

Ревизијата ќе ја врши овластен ревизор кој ќе биде именуван со одлука на Собранието.

Управниот Одбор е должен на ревизорот да му овозможи увид во книгите и списите на Друштвото, како и имотот, благајната и состојбата со хартии од вредност.

Управниот Одбор, веднаш по добивањето на писмениот извештај од ревизијата му ги доставуваат на Надзорниот Одбор годишните сметки и извештајот од ревизијата. Истовремено се доставува и предлог за распределба на добивката по Годишната сметка која има намера да се достави на Собранието.

Член 108

Друштвото има задолжителна општа резерва.

Во резервниот фонд се внесува 15% од нето добивката се додека резервите не достигнат износ кој е еднаков на 1/5 од основната главнина.

Висината на општата резерва ја определува Собранието на Друштвото, во согласност со законските прописи и политиката на Друштвото.

Член 109

Додека општата резерва не го надмине со законот и статутот на Друштвото определениот најмал износ, може да се употребува само за покривање на загубите.

Кога општата резерва ќе го надмине, со овој статут, утврдениот износ, вишокот може да се употребува, врз основа на одлука на Собранието на Друштвото, за дополнување на дивидендите, доколку дивидендата за таа деловна година не би достигнала 5%.

За дополнување на дивидендата не смее да се користи она што во општата резерва е внесено според одредбите од овој Статут.

Член 110

Во статутарни резерви на Друштвото се издвојува до 10% од годишната добивка се додека тој износ не достигне 1/10 од основната главнина на Друштвото, а на предлог на Управниот Одбор.

Овие резерви ќе се користат за покривање на било какви загуби на Друштвото, за дополнување на дивидендата доколку за годината за која се врши распределба на остварената нето добивка не овозможува рамномерност на исплата на дивиденда.

Одлука за употреба на средствата од овие резерви донесува Собранието на предлог на Управниот Одбор.

Член 111

Висината на дивидендата, Собранието ја определува, откако од чистата добивка ќе се издвојат средствата за општата и другите резерви.

Висината на дивидендата на предлог на Управниот Одбор, ја утврдува Собранието.

Друштвото не може да исплатува дивиденда поголема од 4% од основната главнина, пред истекот на 2 години од годината во која што е донесена одлука за намалување на основната главнина.

Дивидендата се исплатува најдоцна во рок од 9 месеци од завршување на деловната година.

Доколку дивидендата не се исплати во рокот од ставот 4 на овој член, по истекот на овој рок, на износот на дивидендата која треба да им се исплати на акционерите се пресметува законска казнена камата до денот на исплата на дивидендата.

Член 112

Ако Управниот Одбор, по истекот на деловната година, а пред Собранието да ја усвои Годишната сметка, сознае дека имотната состојба на Друштвото заради загуби или намалување на вредноста и од други причини, значително се влошила, мора за тоа да го извести Собранието.

Во тој случај не смее да се дели соодветниот дел од добивката што произлегува од Годишната сметка, туку ќе се пренесе на сметка на тековната деловна година.

Член 113

Ако Годишната сметка покаже загуба што ги надминува резервите, како и една третина од основната главнина, без одлагање ќе се состави нова пресметка.

Член 114

Управниот Одбор на Друштвото го дава предлогот за распределба на добивката или за покривање на загубата.

Врз основа на предлогот на генералниот директор, Управниот Одбор го подготвува предлогот за распределба на добивката или за покривање на загубата.

Собранието го прифаќа или го одбива предлогот на Управниот Одбор.

Член 115

Собранието донесува одлука за распределба на добивката или за покривање на загубите дури откако ќе расправа и ќе заклучи, според извештајот на ревизорот за ревизија на Годишната сметка.

Во случаите од претходниот став на овој член, ако тоа не го направи Собранието, неговата одлука не може да се применува.

Член 116

Прифаќањето, без услови, на Извештајот за работењето на Друштвото во претходната деловна година и донесувањето на одлуката за распределба на добивката, значи одобрување на работата на Управниот Одбор и Надзорниот Одбор во претходната деловна година.

## 14. ИНФОРМИРАЊЕ, ДЕЛОВНА ТАЈНА И ЗАБРАНА НА КОНКУРЕНЦИЈА

Член 117

На секој акционер, на негово барање, мора да му се обезбеди право на увид во актите и другите документи од членот 95 на овој статут, во седиштето на Друштвото.

Секој акционер има право да бара копии од актите и документите што се предмет на разгледување и одлучување на Собрание. Копиите од овие документи се даваат без надомест. Во сите други случаи надоместокот е еднаков со стварните трошоци.

Правото на информирање за записниците и одлуките од состаноците на органите на управување, акционерите го остваруваат преку Управниот Одбор. Управниот Одбор од редот

на своите членови избира еден член кој е задолжен за остварување на правото на информирање на акционерите.

Акционерот кој бара увид, претходно треба да го информира Друштвото за увидот, во рок од 3 (три) дена пред денот на бараниот увид. Акционерот е должен претходно да ги плати трошоците за бараните копии, кои што не можат да бидат повисоки од стварните трошоци.

Акционерот не може јавно да ги објавува или да ги презентира информациите, освен на акционерите, ако остварува пред надлежен орган некое право определено со закон, со статутот и со друг акт на Друштвото или ако тие веќе не се јавно објавени.

Давањето информации може да се ускрати само ако тоа би било штетно за Друштвото и ако е доверливо.

Член 118

Членовите на Управниот Одбор, раководните и другите вработени во Друштвото должни се лојално да соработуваат.

Лојалната соработка подразбира обврска директорот, раководните и други работници да не ги даваат на увид информациите за Друштвото во кое работникот е или бил вработен и кои претставуваат деловна тајна или ако такво давање на информации би можело да им наштети на интересите на Друштвото.

Лојалната соработка обврзува на активна заштита на интересите на Друштвото и на благовремено известување на Управниот Одбор и раководните работници, доколку евентуално би биле загрозени интересите на Друштвото.

Член 119

Како деловна тајна се сметаат исправите и податоците од работењето на Друштвото што се определени со акт на Управниот Одбор.

Со акт на Управниот одбор може да се определи сите исправи и податоци што се однесуваат на одделни делови од работењето на Друштвото да се сметаат како деловна тајна.

Член 120

Како деловна тајна се сметаат, особено: програмите и плановите, како и исправите и податоците што не се објавени јавно или кои правно не се заштитени, како што е знаењето и искуството, се уште не заштитеното право од индустриска сопственост и авторските права, податоците за променливиот дел од платите и исплатата на посебните награди за иновации, сите подготовки за издавање на акции и заклучоци за привремено запирање на продажбата на акции.

Друштвото е должно да ги чува како тајна и следните исправи и податоци:

а) податоците и исправите што надлежен државен орган ги прогласил за деловна тајна;

б) податоците и исправите што Управниот Одбор ги прогласил за деловна тајна;

в) податоците и исправите што се однесуваат на обезбедувањето на објектите и имотот на Друштвото;

г) податоците и исправите што други претпријатија и организации како доверливи му ги соопштуваат на Друштвото, како и мерките и начинот на постапување во случај на вонредни околности;

д) податоците за висината на поединечните плати или награди;

Член 121

Исправите и податоците што се сметаат како деловна тајна, на овластени органи, служби или други лица може да им ги соопштува Претседателот на Управниот Одбор на Друштвото или лице овластено за тоа.

Член 122

Секој работник во Друштвото кој на било кој начин ќе дознае некои податоци што се сметаат како деловна тајна, должен е да ги чува како деловна тајна.

Неовластеното соопштување на деловна тајна преставува тешка повреда на работната обврска.

Член 123

Како повреда на чувањето на деловната тајна не се сметаат соопштувањето на исправи и податоци што се сметаат како деловна тајна, ако тие исправи и податоци им се соопштуваат на лица, органи и организации на кои може да им се соопштуваат, врз основа на закон или други прописи, врз основа на овластување што произлегува од функцијата што ја вршат или положбата што ја имаат.

Не се смета за повреда на чување на деловна тајна ниту соопштувањето на исправи и податоци што се сметаат како деловна тајна, на седниците на Собранието или на Управниот Одбор на Друштвото, ако таквото соопштување е неопходно заради вршење на нивните права и обврски.

Вработен во Друштвото, кој на Собранието на Друштвото или на Управниот Одбор соопштува такви податоци е должен присутните да ги предупреди дека тие податоци и исправи се сметаат за деловна тајна, а присутните се должни она што ќе го дознаат да го чуваат како деловна тајна.

Член 124

Исправите и податоците што се сметаат како деловна тајна се чуваат одделно од другите исправи и податоци на Друштвото.

Исправите и податоците што се сметаат како деловна тајна мора да бидат означени со зборовите: ДЕЛОВНА ТАЈНА.

Член 125

Во случај да се прекрши забраната за чување на деловната тајна, оној што ја прекршил забраната може да биде разрешен од должноста и да му престане работниот однос во Друштвото.

Ако лицето од став 1 на овој член соопшти или на друг начин издаде деловна тајна, е должно целосно да ја надомести материјалната штета на Друштвото.

Член 126

Членовите на Управниот Одбор, односно членовите на Надзорниот Одбор, како и членовите на нивните семејства (сопружници, родители и деца), без одобрение на Надзорниот Одбор, односно Собранието не смеат:

-за своја или за туѓа сметка да врши работи кои што спаѓаат во предметот на работење на Друштвото;

-да врши друга дејност или активност во Друштво, со ист или сличен предмет на работење, платена или неплатена, за сопствена сметка или за сметка на друго лице;

-да биде член на орган на управување или член на Надзорен Одбор, односно контролор во друго друштво кое што има ист или сличен предмет на работење како и Друштвото; и

-во просториите на Друштвото да врши работи за своја или за туѓа сметка;

Пред изборот на физичко лице за член на Управниот Одбор, кандидатот во писмена форма, го известува Надзорниот Одбор за сите свои дејности и активности во друго друштво платени или неплатени, кои ги врши за сопствена сметка или за сметка на кое било друго лице.

Собранието мора да биде известено на првата наредна седница за даденото одобрение од ставот (1) на овој член.

Ако членот на Управниот Одбор, односно на Надзорниот Одбор, постапи спротивно на забраните од ставот (1) на овој член, односно премолчи релевантен факт во известувањето од ставот 2 на овој член, Друштвото може:

-да бара надомест на штета; или

-да бара друштвото да му ја отстапи правната работа што ја склучил за своја сметка и да му ја даде користа што потекнува од правната работа склучена за своја или за туѓа сметка;

По истекот на рокот од 5 (пет) години од денот на настанувањето на повредата на забраната, барањата од ставот (4) на овој член не можат да се остварат.

Член 127

Без согласност на Управниот Одбор на Друштвото, вработени во Друштвото не смеат да склучуваат работи во рамките на дејноста на Друштвото за сопствена или туѓа сметка, ниту да учествуваат како партнери, ниту да основаат претпријатие кое има иста дејност и не смеат да бидат членови на Управен Одбор или да работат кај конкуренцијата или на друг начин да му предизвикаат штета на Друштвото.

Како дејност, со чие вршење од друго претпријатие може да му се предизвика штета на Друштвото, се смета било која од дејностите во Друштвото што се запишани во Трговскиот регистар.

Во случај да се прекрши забраната на конкуренција од став 1 на овој член, се разрешуваат раководните работници, а на другите работници им престанува работниот однос на Друштвото.

Член 128

При засновање на работен однос секој мора да биде запознат со одредбите на конкурентската клаузула и е должен да потпише изјава дека ќе ја чува деловната тајна и 5 (пет) години по престанокот на работниот однос.

Член 129

Вработените во Друштвото се должни да го известуваат Управниот Одбор на Друштвото за намерите да основаат претпријатие, односно дуќан кое ќе врши иста дејност како Друштвото.

Неизвестувањето на Управниот Одбор за намерата за основање на претпријатие, односно дуќан, претставува тешка повреда на работните односи на вработените.

Член 130

Управниот Одбор склучува договор за условите под кои лицата од член 131 од овој статут можат да основаат претпријатие, односно дуќан, кое со вршењето на дејноста би можело да му предизвика штета на Друштвото.

Во името на Управниот Одбор договорот го потпишува Претседателот, односно член овластен од Управниот Одбор.

Член 131

Ако раководен или друг работник дознае дека дошло или дека може да дојде до кршење на деловната тајна или до кршење на начелото на забрана на конкуренција од страна на член на Управниот Одбор на Друштвото, должен е за тоа да го извести Управниот Одбор на Друштвото.

15. ПРЕСТАНОК НА ДРУШТВОТО

Член 132

Друштвото престанува кога Собранието ќе заклучи Друштвото да престане.

Одлуката за престанување на Друштвото, Собранието го донесува со 70% мнозинство од вкупниот број на гласовите во Собранието.

Врз основа на Одлуката т на Собранието, ќе се спроведе постапка за ликвидација на Друштвото.

Член 133

Друштвото престанува под услови ако:

а) е изречена мерка забрана за вршење на дејноста поради тоа што не ги исполнува условите за вршење на својата дејност, а во рокот определен за изрекување на мерката не ги исполнува условите за вршење на таа дејност , односно не ја промени дејноста;

б) престанат да постојат природните и другите услови за вршење на стопанската дејност која е предмет на работење на Друштвото; и

в) со правосилна одлука на судот се утврди ништовност на уписот во Трговскиот регистар во Друштвото.

Во случаите од претходниот став на овој член, се спроведува постапка за ликвидација на Друштвото.

Друштвото престанува, без ликвидација, ако се спои со друго акционерско друштво, или ако се подели на повеќе акционерски друштва.

Одлука за спојување, присоединување, или поделба на Друштвото донесува Собранието со три четвртинско мнозинство од вкупниот број на гласовите во Собранието.

Друштвото престанува со запишување во Трговскиот регистар на спојувањето, припојувањето односно поделбата на Друштвото.

Член 134

Друштвото престанува со спроведување на постапка за стечај.

Член 135

Друштвото престанува и кога ќе бидат повлечени сите акции.

Управниот Одбор на Друштвото е должен, без одлагање, да го извести трговскиот регистар во случај да бидат повлечени сите акции.

Член 136

Остатокот од ликвидационата, односно стечајната маса ќе им се подели на акционерите, сразмерно на бројот на акциите што ги имаат.

16. ПОСТАПКА ЗА ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ

Член 137

Иницијатива за измена или дополнување на Статутот може да поднесе:

-Управниот Одбор;

-Надзорниот Одбор;

-Акционери  кои имаат најмалку 1/10 од вкупниот број на акции со право на глас;

Во иницијативата се образложува потребата од измени или дополнувања.

Иницијативата ја разгледува Управниот Одбор, доколку тој не е подносител.

Член 138

Ако Управниот Одбор ја прифати иницијативата за измена и дополнување на Статутот, формира посебна комисија за изготвување на нацрт  измени, при што дава насока за изработка.

Член 139

Предлогот за изменување и дополнување на Статутот го утврдува Управниот Одбор.

Ако Управниот Одбор не ја прифати иницијативата, должен е на првата наредна седница на Собранието да го информира за својата одлука.

Собранието одлучува за причините поради што ќе ја прифати иницијативата за прифаќање или одбивање на иницијативата за измени или дополнување на Статутот.

Член 140

Одлуката за измена и дополнување ја донесува Собранието на Друштвото.

Кога со измените се усогласува неговата содржина со полноважно донесена одлука, Собранието може овластувањето за измена на статутот да го пренесе на Управниот Одбор.

Измената на статутот се врши со мнозинство од најмалку три четвртини од претставената основна главнина.

За полноважноста на одлука на Собранието од став 1 на овој член, со која се менува дотогашниот однос меѓу повеќе родови акции на штета на еден род акции, потребна е согласност на акционерите кои се сопственици на овој род акции. Согласноста акционерите ја даваат со посебна одлука, која се донесува според став 2 од овој член.

Член 141

Управниот Одбор е должен измената на Статутот да ја пријави заради упис во Трговскиот регистар.

Членовите на Управниот Одбор, односно на Надзорниот Одбор, му поднесуваат на Изјава во која ги наведуваат дејствата извршени со цел правилно да се изврши измена на Статутот и со која тврдат дека измената е извршена во согласност со Законот.

Измената произведува правно дејство откако ќе биде запишана во Трговскиот регистар.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 142

Општите акти на Друштвото утврдени со овој Статут ќе се усогласат со Одлуката за измени и дополнувања на Статутот во рок од 6 месеци сметано од денот на нејзиното влегување во сила.

Со донесувањето на овој Статут престанува да се применува Статутот на ГД „Гранит" од 22.05.2003 година.

До усогласувањето на општите акти на Друштвото со Одлуката за измени и дополнувања на Статутот, ќе се применуваат постојните општи акти на Друштвото, доколку не се во спротивност со одредбите на Одлуката за измени и дополнување на Статутот.

Член 143

Овој Статут е напишан на македонски јазик.

Член 144

Овој Статут влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседател на Надзорен
Одбор
Ивана Милковска – Симева

